**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-54/4**
**Скопје, 04.04.2025 година**

Записник од дваесет и трета седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 04.04.2025 година

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин м-р Башким Бесими –Заменик претседател
г-дин Ардиан Демири -член
г-ѓа Јелена Догазанска Колева -член
г-ѓа Марјана Илиеска- член
г-нин Љупчо Коцевски -член
г-дин Ермон Незири -член
г-ѓа Зорица Павловиќ -член
г-ѓа Светлана Стојковиќ -член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија г-ѓа Душица Димитриеска констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на дваесет и третата седница на Советот и воедно го предложи дневниот ред:

## Дневен ред

1. Разгледување и усвојување на Годишен извештај за работата на Советот на јавните обвинители на РСМ за 2024 година
2. Донесување и усвојување на План и програма на Советот на јавните обвинители на РСМ за 2025 година
3. Разгледување на поднесените изјави за продолжување на работниот однос од страна на јавните обвинители Џелал Хусмани – јавен обвинител во ВЈО Гостивар, Виолета Стојаноска – јавен обвинител во ОЈО Кичево, Расим Дреца – јавен обвинител во ОЈО Скопје, Миле Мојсовски – јавен обвинител во ОЈО Скопје и Ахмед Ахмеди – јавен обвинител во ОЈО Гостивар
4. Донесување на одлука за престанок на функција јавен обвинител поради исполнување на услови за старосна пензија за јавниот обвинител во ОЈО Струмица- Лидија Георгиева
5. Разно.

Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска каже дека била формирана Комисија за изготвување на Годишен извештај за работата на Советот за 2024 година, во состав г-ѓа Марјана Илиеска- Претседател на Комисијата, г-ѓа Светлана Стојковиќ-член и г-дин Ардиан Демири-член. Кажа дека Годишниот извештај за работата на Советот за 2024 година бил доставен до сите членови на Советот на разгледување по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Марјана Илиеска кажа дека Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, согласно со Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија и Деловникот за работа на Советот на јавните обвинители, за својата работа поднесува годишен извештај до Собранието на Република Северна Македонија со целосна транспарентност и отчетност,во кој статистички прецизно ги информира пратениците и јавноста за работата од негова надлежност и за состојбите во јавните обвинителства во Република Северна Македонија.

Истакна дека Советот на јавните обвинители како колективно тело согласно Уставот и законите ја гарантира самостојноста и независноста на јавните обвинители, врши контрола над нивното работење и работи на зголемување и одржување на довербата на јавноста во правосудниот систем која е од круцијално значење за правилно имплементирање на принципот на владеење на правото.

Кажа дека при вршење на својата функција, Советот на јавните обвинители и во 2024 година продолжи да ги следи состојбите во јавните обвинителства, работата на јавните обвинители врз основа на оцената на нивната работа, ги разгледуваше годишните извештаи на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, на Вишите јавни обвинителства и на Основните јавни обвинителства, а членовите на Советот имаа увид и во месечните извештаи на јавните обвинители.

Истакна дека Советот при разгледување на извештаите констатираше дека обвинителствата и покрај тешкотиите со кои се соочуваат, како од аспект на недостаток на кадровски капацитети, така и од материјален аспект, постигнале добри резултати во работењето.

Кажа дека Советот на јавните обвинители позитивно ги оцени извештаите од сите јавни обвинителства за извештајната година. При тоа, посочи дека има потреба од подобрување на состојбите во одредени сегменти, односно и покрај тоа што се констатира подобрување на ефикасноста во постапувањето на јавните обвинителства, има потреба од понатамошно подобрување на состојбите. Советот укажува на потреба од почести вонредни контроли од повисоките јавни обвинителства, како и на потребата од унифицирање на методологијата за подготвување на месечните и

годишните извештаи, се со цел да се добие поквалитетно отсликување на реалните состојби.

Посочи дека Советот во 2024 година објави повеќе огласи за избор на јавни обвинители, при што изврши избор на јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Вишите јавни обвинителства и во Јавното обвинителство на РСМ. Исто така Советот донесе одлуки за престанок на функцијата јавен обвинител најчесто поради исполнување на услови за старосна пензија, а во еден случај беше констатиран престанок на функцијата јавен обвинител по сопствено барање. Советот одлучуваше и во жалбена постапка против одлука за оддалечување од вршењето на функцијата јавен обвинител за време додека трае кривичната постапка поведена против истиот.

Наведе дека Советот на јавните обвинители во текот на 2024 година **донесе 5-пет одлуки за објавување на огласи за избор,** од кои 4-четири се однесуваат на огласи за избор на јавни обвинители и 1-еден оглас се однесува за избор на член на Советот на јавните обвинители од редот на јавните обвинители од подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола. Како резултат на 4-рите објавени огласи за избор на јавни обвинители, Советот во оваа извештајна година огласи вкупно 14-четиринаесет слободни јавнообвинителски места и тоа во:

- Јавното обвинителство на Република Северна Македонија - 2;
- Вишото јавно обвинителство Скопје – 4;
- Вишото јавно обвинителство Битола – 2;
- Основно јавно обвинителство Прилеп – 1
- Основно јавно обвинителство Берово – 1
- Основно јавно обвинителство Гевгелија -1
- Основно јавно обвинителство Крива Паланка -1
- Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција – 2.

Потенцираше дека Советот постапувајќи по објавените огласи за избор на јавни обвинители и спроведените интервјуа, од пријавените кандидати кои ги исполнуваа условите согласно законот, изврши избор на осум (8) јавни обвинители и тоа:

- Двајца (2) јавни обвинители во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија;
- Четири (4) јавни обвинители во Вишите јавни обвинителства, од кои три (3) во Вишо јавно обвинителство Скопје и еден (1) во Вишо јавно обвинителство Битола.
- Двајца (2) јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција;

Потенцираше дека во текот на 2024 година Советот на јавните обвинители констатираше престанок на функцијата јавен обвинител на

7-седум јавни обвинители и тоа: на 6-шест јавни обвинители поради исполнување на условите за старосна пензија и на 1-еден јавен обвинител по сопствено барање,за што донесе одлука со која што го прифати барањето и констатираше престанок на функцијата јавен обвинител.

Се надоврза дека од јавните обвинители на кои им престана функцијата поради исполнување на услови за старосна пензија се: **тројца** јавни обвинители од Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, **еден** јавен обвинител од Вишото јавно обвинителство Скопје, **еден** јавен обвинител од Вишото јавно обвинителство Битола и **еден** јавен обвинител од Основно јавно обвинителство Скопје.

Додаде дека помеѓу другите таксативно наведени надлежности е предвидено дека Советот постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на јавните обвинители.

При тоа, во оваа извештајна година **евидентирани се вкупно 147 претставки** по кои што постапувал Советот, односно неговите членови. Споредено со претходната 2023 година кога биле евидентирани 176 претставки, забележано е намалување на бројот на поднесени претставки и поплаки во 2024 година.

Во однос на подносителите на претставките, од вкупниот број на поднесени претставки, 129 се поднесени од физички лица, 9 се поднесени од правни лица, 1 е анонимна т.е. од непознат подносител и 8 претставки се поднесени од други, во смисла на УЈП, ДКСК, Агенција за катастар, Нотар и сл.

Посочи дека најчесто претставките се поднесени од страна на лица со статус на оштетени и нивниот број изнесува 122, додека останатите претставки и тоа: 17 претставки се поднесени од страна на обвинети/осомничени лица и 8 претставки се поднесени од други, во смисла на анонимни пријави, други лица-заинтересирани, а кои немаат статус на оштетен или обвинет.

Согласно надлежноста, Советот на јавните обвинители и во 2024 година постапуваше по претставки и предлози поднесени од страна на граѓаните. Статистичките податоци покажуваат дека бројот на претставките и поплаките на граѓаните во оваа извештајна година бележи одредено намалување и тоа за **16,5%** споредбено со претходната година, а странките најчесто се жалеа околу ажурноста на јавнообвинителските постапки, законитоста и квалитетот на јавнообвинителските одлуки.

Потенцираше дека од вкупно поднесените 147 претставки, спрема јавните обвинители од Јавното обвинителство на РСМ се поднесени 2 претставки, 11 претставки се поднесени спрема јавните обвинители од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, додека пак најмногу претставки 65 се поднесени спрема

јавните обвинители од подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје. Понатаму 35 претставки се поднесени спрема јавните обвинители од подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола, 17 претставки се поднесени спрема јавните обвинители од подрачјето на Вишото јавно обвинителство Гостивар и 15 претставки се поднесени спрема јавните обвинители од подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип. Од увидот во останатите 2 претставки не можеше да се утврди спрема кого истите се насочени или пак воопшто не се однесуваат на постапувањето на јавните обвинители.

Посочи дека очигледно е дека најголемиот број на претставките се однесуваат на работата на јавните обвинители од Основното јавно обвинителство Скопје, што е и очекувано, имајќи го во предвид обемот на работата што ова основно јавно обвинителство го има во однос на сите останати основни јавни обвинителства во државата.

Како што погоре е веќе наведено, најголем број на претставки се поднесени од оштетени лица кои најчесто изразуваат незадоволство од времетраењето на постапката, како и од донесените јавно обвинителски одлуки, меѓу нив се и решенијата за отфрлање на кривична пријава. Во помал број се претставките во кои оштетените лица искажуваат незадоволство поради недобивање известување за текот на постапката пред јавното обвинителство во подолг период.

Посочи дека незначителен е бројот на претставките во кои се искажува незадоволство поради настапената застареност на кривичното гонење и неможноста јавниот обвинител да презема дејствија по кривичната пријава.

Кажа дека во дел од претставките подносителите бараат изземање на јавните обвинители кои постапуваат по конкретните предмети, а во одредени случаи бараат поведување на дисциплински постапки и нивно разрешување.

Истакна дека Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија во текот на 2024 година постапи по сите поднесени претставки на начин како што е утврдено со Законот и во согласност со Деловникот за неговата работа.

Кажа дека општ впечаток од постапувањето по претставките е дека повисоките јавни обвинителства ги уважуваат барањата за надзор доставени од страна на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија и по истите постапуваат, при што за констатираната состојба во однос на постапувањето на конкретниот јавен обвинител, доставуваат извештај со искажани констатации за преземените процесни дејствија по предметот, но сепак постојат случаи кога извештаите се доставуваат со задоцнување. Од таа причина, Советот на јавните обвинители не успева секогаш да достави одговор до подносителите на претставките во краток рок.

Г-дин Ардиан Демири како член на Комисијата која го изготвувала Годишниот извештај на Советот за 2024 година, се осврна на податоците во делот кој се однесува на кадровската состојба на јавните обвинители во јавните обвинителства во РСМ, како и во делот на систематизацијата и кадровската пополнетост на Советот од аспект на административниот дел, како и во делот на составот на Советот. Наведе дека во извештајот детално е опишан во табеларниот приказ на бројот на јавни обвинители по јавни обвинителства во РСМ согласно предвидената систематизација заклучно со 31.12.2024 година. Во делот на пополнетоста на јавно обвинителските места во јавните обвинителства во РСМ кажа дека е солидна, но потенцираше дека во некои основни јавни обвинителства нема ниту еден јавен обвинител. Кажа дека согласно систематизацијата за јавно обвинителски места предвидени се вкупно 261 јавен обвинител, а во моментот функцијата ја извршуваат вкупно 169 јавни обвинители што значи дека во извештајната година имало недостиг од 92 јавни обвинители. Во табеларниот приказ дадени се податоци за полова затапеност, национална застапеност, како и за слободни поточно непополнети јавно обвинителски места за секое јавно обвинителство поединечно. Наведе дека Советот во 2024 година спровел избор на членови на Советот од редот на јавните обвинител од подрачјето на ВЈО Скопје од подрачјето на ЈОРСМ од подрачјето на ВЈО Битола. Притоа кажа дека од страна на Собранието на РСМ бил избран еден член на Советот од редот на заедниците кои не се мнозинство во РСМ. Наведе дека Советот работел и во делот на внатрешната организација на Советот во делот на стручно-административни работи. Согласно предвидената систематизација во стручната служба се предвидени вкупно тринаесет работни места, додека во извештајната година продолжуваат да работат осумте вработени лица во администрацијата.

Г-ѓа Светлана Стојковиќ како член на Комисијата која го изготвуваше Годишниот извештај за работата на Советот за 2024 година, кажа дека секако ќе го подржи извештајот и ќе гласа за неговото усвојување. Се осврна на една од надлежностите на Советот, а тоа е постапувањето во делот на дисциплинските постапки. Кажа дека согласно надлежноста Советот постапува по предлог за разрешување од функцијата јавен обвинител на Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност на јавен обвинител, како и во втор степен по жалба против одлуките на решенијата на оваа комисија. Кажа дека во текот на извештајната 2024 година Советот, по повод поднесена жалба против одлука на Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност на јавен обвинител, донел решение со кое жалбата била одбиена како неоснована и било потврдено решението на Комисијата, така што еден јавен обвинител бил огласен за одговорен за сторена дисциплинска повреда од чл.91 од ЗЈО. Советот постапувал и одлучувал по поднесени жалби против решение на Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност на јавен обвинител, со кое биле изречени дисциплински мерки спрема тројца јавни обвинители. Во 2024 година Советот постапувал и по жалба на еден јавен обвинител против одлуката на Јавниот обвинител на РСМ, за оддалечување од вршење на функцијата јавен обвинител додека трае кривичната постапка против него и притоа е донесена одлука со која жалбата се одбива како неоснована и се потврдува решението на

Јавниот обвинител на РСМ. Советот учествувал и во постапка пред Управниот суд на РСМ и тоа на главна расправа, поведена по тужба од страна на разрешен јавен обвинител против одлуката на Советот од 2022 година, со која била изречена мерка разрешување од функција јавен обвинител за сторена тешка дисциплинска повреда, каде Управниот суд донел првостепена одлука. Додаде дека пред Управниот суд биле водени уште две постапки против Советот на јавните обвинители на РСМ како тужена страна, во кои Советот дал свој одговор на двете тужби од кои една била поднесена од страна на разрешен јавен обвинител во 2023 година, а другата од страна на јавен обвинител на кој му било правосилно изречена дисциплинаска мерка- намалување на плата за сторена тешка дисциплинска повреда и постапката се уште е во тек пред Управниот суд на РСМ. Воедно се надоврза на уште два сегмента од работењето на Советот во однос на транспарентноста и примена на оваа законска одредба, меѓудругото кажа дека седниците на Советот биле отворени за јавноста со одредени исклучоци кога поради заштита на углед и интегритет на јавен обвинител биле затворени, односно јавноста била исклучена. Потенцираше дека одлуките за свикување на седница како и останатите акти, огласи, соопштенија се објавувале на веб страницата на Советот со кој начин јавноста добивала појасна слика за работењето на Советот на јавните обвинители на РСМ. Наведе дека во 2024 година Советот имал уште една дополнителна активност, а се однесува на селењето во просториите на Апелациониот суд Скопје, поради реновирање на зградата каде претходно Советот беше сместен.

Откако членовите на Комисијата која го изготви Годишниот извештај за работата на Советот за 2024 година завршија со излагањето, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кој кажа дека извештајот во целост го прифаќа и ќе гласа за негово усвојување, укажувајќи и воедно побара појаснување во делот на наведените јавно обвинителски места во ОЈО Берово.

Г-ѓа Светлана Стојковиќ даде појаснување дека податоците во табеларниот приказ во однос на јавните обвинителства се дадени согласно состојбата на ден 31.12.2024 година, а тоа се однесува и на ОЈО Берово.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека извештајот е добро изготвен, дека ги содржи сите битни елементи и дека ја отсликува реалната состојба на Советот со сите активности кои ги имал во извештајната година. Воедно даде неколку забелешки и лични согледувања во делот на поднесените претставки доставени до Советот и нивниот табеларен приказ, каде смета дека треба да има корекција на истите.

Г-ѓа Марјана Илиеска ги прифати забелешките укажани од страна на претседателот на Советот и кажа дека ќе се изврши корекција на истите.

Откако никој не зема збор, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска го стави на гласање Годишниот извештај за работата на Советот за 2024 година.

**Едногласно од страна на членовите на Советот беше усвоен Годишниот извештај за работата на Советот за 2024 година.**

Под точка два од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека членовите на Советот биле запознаени со содржината на Планот и програмата на Советот на јавните обвинители за 2025 година, со прикажаните мерки и активности, носителот на активностите, а тоа е Советот и со роковите на исполнување, а се во насока на создавање на успешно функционирање на СЈОРМ, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред. Откако никој не зема збор претседателот на Советот го стави на гласање Планот и програмата на Советот за 2025 година.

**Едногласно од страна на членовите на Советот беше усвоен Планот и програмата на Советот за 2025 година.**

Под точка три од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека до Советот на јавните обвинители на РСМ јавните обвинители Џелал Хусмани-ВЈО Гостивар, Виолета Стојаноска-ОЈО Кичево, Дреца Рамим-ОЈО Скопје, Миле Мојсовски-ОЈО Скопје и Ахмед Ахеми – ОЈО Гостивар, поднеле изјави за продолжување на функцијата јавен обвинител согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи-Сл. Весник на РСМ бр.39/25 од 20.02.2025 година. Кажа дека согласно одредбите од Законот, лицата од чл.2 од овој закон, со кој се додава чл. 104-а, кои согласно со законите што ги утврдуваат нивните права и обврски кои произлегуваат од вршењето на функцијата, во 2025 година, по влегувањето во сила на овој закон, ќе ги исполнат условите за старосна пензија, односно ќе навршат 64 години возраст, имаат право да поднесат писмена изјава за продолжување на вршењето на функцијата соглано одредбите од чл.2 од овој закон, во рок од 30 дена од денот на влегување во сила на овој закон. Истакна дека овие петмина јавни обвинители во текот на 2025 година, навршуваат 64 години возраст, и дека истите во законскиот рок од 30 дена до Советот имаат доставено писмена изјава за продолжување на функцијата јавен обвинител за уште една година, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-дин Ермон Незири кој кажа дека нема ништо спорно во оваа одлука која што законски е определена. Кажа дека јавниот обвинител на РСМ не е присутен на седницата, но сака да предложи на Советот и колегите на кои ќе им биде продолжена функцијата и работниот однос, а во врска со внатрешните упатства кои постојат во ЈОРСМ во однос на ослободување од некои работни обврски согласно возраста. Истакна дека станува збор за волја на јавниот обвинител дека сака да се продолжи работниот однос и дека секој обвинител треба да ги исполнува сите обврски и тоа во смисла на дежурства, работа на предмети одење на увиди итн. Цени дека секој што бара продолжување на работниот однос треба да ги исполнува и сите задачи кои се дел од работните обврски. Смета дека ниту еден јавен обвинител кој бара продолжување на работниот однос не треба да биде бенифициран во однос на останатите јавни обвинители.

Откако никој не зема збор Советот донесе:

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе решенија за продолжување на функцијата јавен обвинител за уште една година согласно чл.104-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, во однос на јавните**

**обвинители Џелал Хусмани-ВЈО Гостивар, Виолета Стојаноска-ОЈО Кичево, Дреца Рамим-ОЈО Скопје, Миле Мојсовски-ОЈО Скопје и Ахмед Ахеми – ОЈО Гостивар.**

Под точка четири од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека јавниот обвинител во ОЈО Струмица г-ѓа Лидија Георгиева до Советот поднела барање за престанок на функцијата јавен обвинител поради исполнување на услови за старосна пензија со навршување на 62 година возраст заклучно со 27.04.2025 година.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука и решение за престанок на на функцијата јавен обвинител поради исполнување на услови за старосна пензија со навршување на 62 години возраст за јавниот обвинител во ОЈО Струмица г-ѓа Лидија Георгиева заклучно со 27.04.2025 година.**

Под точка разно од дневниот ред г-ѓа Марјана Илиеска се произнесе и кажа дека како координатор за подрачјето на ВЈО Скопје, редовно врши увид во месечните извештаи кои ги доставува ОЈО на ОЈО Скопје, меѓутоа може да констатира дека одреден број на јавни обвинители извесен период не доставуваат месечни извештаи за нивната работа што смета дека е недозволиво согласно предвидените обврски предвидени во ЗЈО и смета дека треба да се извести основниот јавен обвинител на ОЈО Скопје, а со цел да се интервенира и даде насока да јавните обвинители месечно доставуваат извештај за својата работа.

Г-дин Ардиан Демири се согласи со забелешките искажани од страна на колешката Марјана Илиеска  и кажа дека некои јавни обвинители доставуваат извештаи ретроактивно за 5-6 месеци со еден извештај. Со мислење да се интервенира кај ОЈО на ОЈО Скопје.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека Советот по однос на ова прашање писмено ќе се обрати до ОЈО Скопје и ќе чека на одговор и произнесување од страна на ОЈО на ОЈО Скопје.

Под истата точка од дневниот ред Претседателот на Советот ги извести членовите на Советот дека од АСЈО до СЈОРСМ бил доставен допис кој се однесува на одржаната 231 седница на УО на АСЈО на ден 19.03.2025 година, каде под точка разно било разгледано прашањето во врска со изборот на кандидати со завршена АСЈО од 8-та генерација, какде УО ја задолжил Академијата да се обрати до Судскиот совет на РСМ и СЈОРСМ во врска со последните случувања при објавувањето на огласи за избор на судии и јавни обвинители. Поточно овој допис се однесувал на вториот објавен оглас од страна на ССРСМ кои објавиле оглас за повеќе судии од претходно донесената одлука која ја доставиле до АСЈО. АСЈО смета дека двата Совети треба да ги почитуваат проекциите  со кои бил утврден бројот на слободни судски и јавно обвинителски места и кои проекции двата Совета ги имаат доставено до Академијата.

Под истата точка претседателот на Советот ги извести членовите на Советот дека од страна на Хелсиншкиот комитет за човекови права до Советот е доставен меморандум за соработка. Кажа дека копија од

меморандумот е доставен на секој член на Советот на запознавање, доколку има забелешки на истиот од страна членовите на Советот да ги искажат и доколку има волја на една од наредните седници на Советот да се донесе одлука за потпишување на меморандумот.

Под точката разно претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека до Советот на јавните обвинители е доставен извештај од страна на Судскиот совет на РСМ, во врска со извештај на работна посета на работна група формирана од страна на Судскиот совет кој се однесува на одреден предмет на постапување на Кривичниот суд Скопје. Истакна дека членовите на Советот се запознаени со содржината на извештајот и смета дека истиот треба да се препрати до ОЈО Скопје, од причина што СЈОРСМ нема надлежност.

Под точката разно претседателот на Советот ги извести членовите на Советот за доставеното барање од страна на Министерството за правда на РСМ за номинирање на член и заменик член на Меѓуресорското тело за координација на активностите против корупцијата. Смета дека членови на телото треба да бидат од редовите на членовите на Советот.

Збор зема г-ѓа Зорица Павловиќ за член го предложи г-дин Ермон Незири, а за негов заменик г-ѓа Светлана Стојковиќ.

Предлогот беше едногласно прифатен од страна на членовите на Советот.

Откако никој не зема збор претседателот на Советот ја заклучи дваесет и третата седница на Советот.

Записникот го водел
Аспарух Мисајловски
Генерален Секретар

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Душица Димитриеска**